Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.14592 и КП бр.14593 за КО Куманово, Општина Куманово).

Точка 23

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на поблиски критериуми за проценката за значењето на поодделните програми за намалување на диспаритетите во развојот меѓу и во планските региони.

Точка 24

Владата го донесе Решението за назначување на претседател, заменик-претседател, членови, заменици – членови и секретар на Националната комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025-2028 година, со Акциски план 2025-2026.

Точка 25

Владата ја одложи од разгледување Предлог-уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок-дотации за јавните установи за деца - детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2026 година, за наредната седница на Владата, поради потребата текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии.

Точка 26

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2025 година.

Точка 27

Институција Влада на Република Северна Македонија
Датум/Време 06.11.2025 13:28
Верификација Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=e43b2e08-c5f2-40ab-a762-8570844affad&docSharePointURL=/sednici/vlada/202500258/Documents/DraftMinutes.docx&materialId=8ff8d681-23a0-4158-a8e0-25c49152a98d

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Проектот за превентивна заштита на споменикот „Илинден" (Македониум) – Крушево, ја усвои и укажа на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Прилеп да ги реализира сите активности за заштита на најзагрозените и оштетени делови од Проектот за превентивна заштита на споменикот ,,Илинден" (Македониум) – Крушево, до крајот на 2025 година.

Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за именување на национален координатор, заменик на националниот координатор, членови и заменици-членови на Националниот центар за побезбеден интернет, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за именување на национален координатор, заменик на националниот координатор, членови и заменици-членови  на Националниот центар за побезбеден интернет.

Точка 29

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за давање одобрение за основање на Приватно средно училиште Американска гимназија „Нова" во Скопје.

Точка 30

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под, У.бр.90/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 31-а во делот „вработени во Бирото за судски вештачења" од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија" бр.115/10, 158/11, 185/11, 51/12, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 86/25) и притоа го утврди следното мислење:

Имено, согласно членот 8 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, темелни вредности на Уставниот поредок се владеењето на правото и поделбата на власта, но и ефикасноста и рационалното работење на државните органи.

Според членот 51, секој е должен да ги почитува Уставот и законот.

Бирото за процена е орган во состав на Министерството за правда. Неговите вработени вршат процена како дел од јавните овластувања доверени со закон. Кога процената се врши за потребите на државната управа, таа се извршува во рамки на законски пропишаните надлежности на Бирото за процена и преставува извршување на јавна функција во јавен интерес.

Во тој случај не станува збор за пазарна услуга на приватен субјект, туку за вршење на административна обврска од страна на државен орган. Затоа и не може да се говори за право на надоместок од страна на проценувачите. Нивниот труд е веќе патен преку редовната плата која ја добиваат како државни службеници.

Доколку би се дозволило двојно плаќање, тоа би било спротивно на начелата на законитост и економичност во управата. Уставот не бара секоја извршена активност на државен службеник да

**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 06.11.2025 13:28

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=e43b2e08-c5f2-40ab-a762-8570844affad&docSharePointURL=/sednici/vlada/202500258/Documents/DraftMinutes.docx&materialId=8ff8d681-23a0-4158-a8e0-25c49152a98d**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

се плаќа посебно, туку напротив предвидува организирана и ефикасна државна управа кој функционира преку буџетско финансирање.

Оттука, уставно е оправдано проценувачите во Бирото за процена да не наплатуваат надоместок за процените кои ги вршат за потребите на органите на државната управа, бидејќи тие работат како државни службеници и добиваат редовна плата.

Вршењето на процена за потребите на државните органи преставува јавна функција, а не приватна услуга со која се обезбедува законитост, економичност и јавен интерес во работењето на органите на управата.

Согласно горе наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека Иницијативата е неоснована, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 31-а од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/10, 158/11, 185/11, 51/12, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 86/25), бидејќи не постои уставна повреда.

Точка 31

Владата ја разгледа Иницијативата и дополнувањето кон Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставени до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.32/2025 за поведување постапка за оценување на: -уставноста во делот „фактичката состојба се утврдува врз основа на наод, оцена и мислење на Комисијата за оцена на работната способност“ од член 130 став 1 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување; -уставноста и законитоста во делот „гарантирана минимална помош“ од член 2 став 3, член 3 став 2, член 12 став 4, член 20 став 1, член 28 став 1, член 34 став 3 и член 39 од Правилникот за организацијата, составот и начинот на работата на Комисијата за оцена на работната способност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.142/21 и 278/23); -уставноста и законитоста во делот „договор за дело“ од член 5 став 1 од Правилникот за организацијата, составот и начинот на работата на Комисијата за оцена на работната способност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.142/21 и 278/23); -уставноста и законитоста во делот „гарантирана минимална помош“ од насловот пред член 20 став 1, член 22 и член 28 од Правилникот за организацијата, составот и начинот на работата на Комисијата за оцена на работната способност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.142/21 и 278/23) и уставноста и законитоста во делот „65 години“ од член 23 точка 20 и член 28 став 1 од Правилникот за организацијата, составот и начинот на работата на Комисијата за оцена на работната способност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.142/21 и 278/23) и притоа го утврди следното мислење:

Поднесената Иницијатива се однесува на барање за поведување на постапка за оценување на уставност на член 130 став 1 („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24, 75/25 и 154/25) и оценување на уставноста и законитоста на член 5 став 1 во делот „договор за дело“, како и член 2 став 3, член 3 став 2, член 12 став 2, член 20 став 1, член 28 став 1, член 34 став 3 и член 39 во делот „гарантирана минимална помош“ и член 23 точка 20 и член 28 став 1 во делот

**Институција** Влада на Република Северна Македонија
**Датум/Време** 06.11.2025 13:28
**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=e43b2e08-c5f2-40ab-a762-8570844affad&docSharePointURL=/sednici/vlada/202500258/Documents/DraftMinutes.docx&materialId=8ff8d681-23a0-4158-a8e0-25c49152a98d

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

„65 години“ од Правилникот за организацијата, составот и начинот на работата на Комисијата за оцена на работната способност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.142/21, 278/23 и 183/25).

Според подносителот на наведената Иницијативата, во одредбата од член 130 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, според која за остварување на правата врз основа на инвалидност и неспособност за работа врз основа на која се стекнува право на инвалидска, односно семејна пензија, како и телесно оштетување, фактичката состојба се утврдува врз основа на наод, оцена и мислење на Комисијата за оцена на работната способност.

Комисијата се формира во рамките на Фондот, се оспорува уставноста во делот „фактичката состојба се утврдува врз основа на наод, оцена и мислење на Комисијата за оцена на работната способност“.

Во однос на Иницијативата подносителот се повикува на следните членови на Уставот на Република Северна Македонија:
-Член 34 според кој граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и колективен договор;
-Член 35, според кој Република Северна Македонија се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно начелото на социјална праведност.

Републиката им гарантира право на помош на немоќните и неспособните за работа граѓани.

Инцијативата, понатаму се повикува и на член 6 став 1 од Европската конвенција за човекови права, според кој секој има право правично и јавно, во разумен рок, пред независен и непристрасен со закон воспоставен суд да бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски или основаноста на какви било кривични обвиненија против него. Пресудата се изрекува јавно, а новинарите и публиката можат да бидат исклучени за време на целата или на дел од постапката во интерес на моралот, јавниот ред или националната безбедност во едно демократско општество, кога тоа го наложуваат интересите на малолетник или заштитата на приватниот живот на страните во спорот, или кога тоа судот го смета за неопходно затоа што во посебни околности публицитетот би можел да им нанесе штета на интересите на правдата.

Со оспорениот дел од член 130 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, според кој „фактичката состојба се утврдува врз основа на наод, оцена и мислење на Комисијата за оцена на работната способност“, се оневозможува на странката да достави докази во своја корист во постапката за остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување, бидејќи Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во донесувањето на решение е врзан исклучиво со оценката на Комисијата при утврдување на фактичката состојба. Со овој оспорен дел од законската одредба, се нарушува положбата на „фер баланс“ помеѓу страните, со што страните се ставаат во нееднаква положба, што е спротивно на членот 6 став 1 од Европската конвенција за човекови права.

Со Иницијативата се оспорува уставноста и законитоста на делови од Правилникот за организацијата, составот и начинот на работата на Комисијата за оцена на работната способност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.142/21, 278/23 и 183/25) и тоа:

**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 06.11.2025 13:28

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=e43b2e08-c5f2-40ab-a762-8570844affad&docSharePointURL=/sednici/vlada/202500258/Documents/DraftMinutes.docx&materialId=8ff8d681-23a0-4158-a8e0-25c49152a98d**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Делот „договор за дело“ од член 5 став 1;

Делот „гарантирана минимална помош“ од член 2 став 3, член 3 став 2, член 12 став 2, член 20 став 1, член 28 став 1, член 34 став 3 и член 39, како и насловот пред членовите 20, 22, 28;

Делот „65 години“ од член 23 точка 20 и член 28 став 1.

Согласно Иницијативата, со член 5, став 1 од Правилникот за организацијата, составот и начинот на работата на Комисијата за оцена на работната способност, се предвидува Комисијата да работи во состави кои вклучуваат двајца лекари специјалисти вработени во Фондот, а по исклучок, во услови на зголемен обем на работа, можат да се ангажираат и лекари специјалисти со договор за дело. Вниманието на подносителот е насочено кон тоа дека од 2009 година, Законот за работните односи не ги препознава и не ги признава договорите за дело, додека Законот за облигациони односи го регулира и признава овој договор како договор за извршување определена работа. Според член 619 од Законот за облигациони односи, договорот за дело се склучува за извршување на одредена физичка или интелектуална работа за што нарачателот се обврзува за тоа да му плати надомест, што не одговара на улогата и функцијата на членови на Комисијата. Во таа смисла, содржината на наведениот Правилник не создава однос нарачател–изведувач на работа, па затоа користењето на термин „договор за дело“ спротивставува на член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 став 1 од Уставот, кои налагаат усогласеност на подзаконските акти со Уставот и со законите.

Дополнително, според наводите во Иницијативата, одредбите поврзани со правото на „гарантирана минимална помош“ во Правилникот за организацијата, составот и начинот на работата на Комисијата за оцена на работната способност, се регулирани исклучиво со Законот за социјалната заштита, додека во Правилникот е уреден делот кој му овозможува на Комисијата да дава наод, оцена и мислење за ова право. Според Иницијативата нема законска основа во Законот за пензиското и инвалидското осигурување за постапување на Комисијата во остварување на правото на „гарантирана минимална помош“. Ова, според Иницијативата, значи дека оспорениот дел од Правилникот ја преминува законската рамка и претставува повреда на член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 став 1 од Уставот.

Поради наведеното, подносителот бара од судот да преземе постапка за оценување на уставноста и законитоста со цел оспорените одредби од Правилникот да бидат укинати како спротивни на Уставот и законите.

Тргнувајќи од дадените наводи на Иницијативата за неуставност на член 130 став (1) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, се смета дека истите се неосновани и погрешни, а оспорениот член е во целосна согласност со Уставот и законските прописи и не го ограничува правото на странките да приложуваат докази.

Имено, согласно член 130 став (1) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување за остварување на правата врз основа на инвалидност и неспособност за работа врз основа на која се стекнува право на инвалидска, односно семејна пензија, како и телесно оштетување, фактичката состојба се утврдува врз основа на наод, оцена и мислење на Комисијата за оцена на работната способност. Комисијата се формира во рамките на Фондот. Понатаму, член 126 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување уредува дека постапката за остварување на

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 06.11.2025 13:28 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=e43b2e08-c5f2-40ab-a762-8570844affad&docSharePointURL=/sednici/vlada/202500258/Documents/DraftMinutes.docx&materialId=8ff8d681-23a0-4158-a8e0-25c49152a98d** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

правата од пензиското и инвалидското осигурување се поведува по барање на осигуреникот, односно на корисникот на пензија, а со барањето за остварување на право на ивалидска пензија, подносителот е должен да приложи медицинска, работна и друга документација потребни за утврдување на инвалидноста.

Начинот на работа на Комисијата се уредува со Правилникот за организацијата, составот и начинот на работата на Комисијата за оцена на работната способност, според кој Комисијата донесува наод, оцена и мислење врз основа на вршење на увид во медицинска, работна и друга документација приложена кон барањето за остварување на право од пензиското и инвалидското осигурување, документацијата доставена на денот на прегледот и непосреден преглед на осигуреникот.

Членот 134 ја гарантира двостепеноста на постапката, против решението донесено во прв степен на Фондот, а подносителот на барањето има право на жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Според наведеното, погрешна е констатацијата на подносителот на Иницијативата дека се оневозможува на странката да достави докази во своја корист во постапката за остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување, бидејќи наодот, оцената и мислењето на Комисијата по утврдувањето на фактичката состојба и на основа на кое Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, се засновува на приложените докази кон барањето доставени од подносителот на барањето. Во понатамошна постапка, при жалба против решение на Фондот, странката повторно има право да достави нови докази кои дополнително се ценат при постапување и одлучување.

Исто така, наводите од Иницијативата дека наведените одредби од Правилникот за организацијата, составот и начинот на работата на Комисијата за оцена на работната способност се неуставни и незаконити, се неосновани од следните причини:

Овие одредби се донесени согласно законските овластувања и согласно законите на Република Северна Македонија, особено Законот за пензиското и инвалидското осигурување и се во согласност со принципите на правната држава. Законскиот основ за донесување на Правилникот за организацијата, составот и начинот на работата на Комисијата за оцена на работната способност е член 157 став (1) точка 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, според кој Управниот одбор на Фондот донесува Статут и други општи акти на Фондот согласно со овој закон, член 130 став (2), според кој со акт на Фондот се уредува организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за оцена на работната способност и член 29 став 6 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25), со кој се дава овластување и надлежност за постапување на Комисијата за оцена на работна способност на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за утврдување на неспособноста за работа за остварување на право на гарантирана минимална помош. Имено, според 29 став 6 од Законот за социјалната заштита, неспособноста за работа за лицата за остварување на гарантирана минимална помош се утврдува со наод, оцена и мислење од стручна комисија за утврдување на неспособност за работа формирана при Фондот на

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 06.11.2025 13:28 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=e43b2e08-c5f2-40ab-a762-8570844affad&docSharePointURL=/sednici/vlada/202500258/Documents/DraftMinutes.docx&materialId=8ff8d681-23a0-4158-a8e0-25c49152a98d** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Одредбите што се однесуваат на „договорот за дело“ од член 5 став 1 овозможуваат квалитетна динамика и флексибилност во работењето на Комисијата, со што се овозможува ефективно и стручно извршување на проценките. Исто така, Законот за облигационите односи не ја исклучува можноста дека за вршење на интелектуална работа, како што е стручната работа на лекарите специјалисти, да можат да се ангажираат за вршење на проценка на инвалидност, а за што нарачателот се обврзува за тоа да му плати надомест.

Во однос на одредбите од член 23 точка 20 и член 28 став 1 од Правилникот за делот „65 години“, со Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организацијата, составот и начинот на работата на Комисијата за оцена на работната способност („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.183/25), во член 2 во ставот (3) зборовите „а до навршени 65 години живот“ се бришат. Фондот дополнително ќе ја направи измената соодветно на одлуката на судот.

Инаку, одредбите се усогласени со премисите на Уставот на Република Северна Македонија и не ги загрозуваат ниту ги ограничуваат правата и слободите на граѓаните, туку ја обезбедуваат правната рамка за правична постапка.

Во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, посебно членот 9 кој ја гарантира највисоката правна сила на Уставот и законите, овие одредби не ги надминуваат законските овластувања на државните органи, ниту пак ги прекршуваат принципите на правната држава, туку напротив, ги зајакнуваат нивните права преку обезбедување на строга и објективна процедура при утврдувањето на работната способност и социјалната поддршка.

Институциите имаат право и должност да користат експертски мислења, меѓу кои и мислењата на Комисијата за оцена на работната способност, како клучен елемент за утврдување на фактичката состојба во процесот на остварување на права. Употребата на „договорот за дело“ како правен инструмент не ја нарушува законитоста, туку овозможува рационално и приспособливо функционирање на Комисијата за оцена на работната способност во рамките на правните прописи.

Имајќи го предвид горе наведеното, се смета дека оспорените одредби од член 130 став (1) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување (,,Службен весник на Република Македонија“ бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24, 75/25 и 154/25) и оспорените членови од Правилникот за организацијата, составот и начинот на работата на Комисијата за оцена на работната способност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.142/21, 278/23 и 183/25), се во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 130 став (1) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15,

**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 06.11.2025 13:28

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=e43b2e08-c5f2-40ab-a762-8570844affad&docSharePointURL=/sednici/vlada/202500258/Documents/DraftMinutes.docx&materialId=8ff8d681-23a0-4158-a8e0-25c49152a98d**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24, 75/25 и 154/25) и оценување на уставноста и законитоста на членовите од Правилникот за организацијата, составот и начинот на работата на Комисијата за оцена на работната способност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 142/21, 278/23 и 183/25), односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на наведените членови.

<u>Точка 32</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Добре Наумоски и Ана Марија Јордановска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.122/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 41-а став 9 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр.44/95, 16/96, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 41/01, 29/02, 52/02, 40/03, 42/03, 78/03, 67/04, 30/05, 51/05, 55/05, 113/05, 3/06, 35/06, 71/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 98/08, 142/08, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 76/20, 229/20, 269/23, 78/25 и 132/25) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителите на Иницијативата, како оспорен акт го наведуваат член 41-а став 9 од Законот за средното образование, каде е утврдено дека: „сместувањето и превозот на учениците од приватните средни училишта ги обезбедува основачот“. Причина за поднесување на Иницијативата е неусогласеност со претходно донесена Одлука на Уставниот суд У. бр.81/2023 од 5.12.2023 година, со која се укинала дискриминирачката клаузула од член 41-а став 1 во делот „јавно“ и став 3 во делот „јавното“ од Законот за средното образование, укажувајќи дека правата и обврските на сите редовни ученици мора да бидат еднакви, без разлика дали посетуваат јавни или приватни средни училишта.

Подносителите на Иницијативата се повикуваат на членот 71-а став (9) од Законот за средното образование со кој се укинува бесплатниот јавен превоз за учениците од приватните средни училишта.

Согласно член 3 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25), средното образование е задолжително за секој граѓанин, под еднакви услови утврдени со овој закон.

Во член 41-а од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25), кој е оспорен од страна на подносителот на Иницијативата, се уредени условите кои треба кумулативно да ги исполнат редовните ученици во средните училишта за да се стекнат со правото на бесплатен превоз до училиштето и тоа:


**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 06.11.2025 13:28

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=e43b2e08-c5f2-40ab-a762-8570844affad&docSharePointURL=/sednici/vlada/202500258/Documents/DraftMinutes.docx&materialId=8ff8d681-23a0-4158-a8e0-25c49152a98d**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

местото на живеење на ученикот да е оддалечено најмалку 2,5 километри од средното училиште во кое ученикот е запишан, ученикот да е запишан во средно училиште во кое избраното гимназиско образование, секторот и квалификација да не е застапено во општината во која ученикот живее, ако во општината/Градот Скопје во која живее ученикот при запишувањето во прва година на образование се пополнети сите места во средните училишта и да нема ученички дом или се пополнети капацитетите за сместување во општината во која припаѓа средното училиште каде ученикот е запишан.

Ученикот има обврска да поднесе барање за сместување во ученичкиот дом во општината/Градот Скопје каде е запишан во средното училиште. Ученикот има право да користи бесплатен превоз само во услови кога е исполнет капацитетот на ученичкиот дом, односно ученикот е на листа на чекање за прием во ученичкиот дом. За ученикот кој користи сместување и исхрана во ученички дом не се организира бесплатен превоз до дома за време на викендите, освен за учениците со попреченост. Ученикот со попреченост и лицето за негова придружба имаат право на бесплатен разумно прилагоден превоз, без оглед на оддалеченоста на нивното место на живеење до јавното средно училиште во кое ученикот е запишан и ја посетува наставата.

Согласно, член 41-а став (6) од Законот за средното образование, учениците за остварување на правото за бесплатен превоз поднесуваат барање во средното училиште во кое се запишани, а средствата ги обезбедува основачот на средното училиште. Средствата и начинот на превозот на учениците е согласно Законот за превоз во патниот сообраќај. За релација каде нема обезбедено линиски превоз, за висината на превозот одлука донесува основачот.

Сместувањето и превозот за учениците од приватните средни училишта, ги обезбедува основачот.

Согласно член 44 од Уставот на Република Северна Македонија, основното образование е задолжително и бесплатно, а согласно членот 45 граѓаните имаат право, под услови утврдени со закон, да основаат приватни образовни установи во сите степени на образованието, освен во основното образование.

Средното образование се остварува во средни училишта кои се организираат како јавни средни училишта (средно општинско училиште, односно средно училиште на Градот Скопје и државно средно училиште) и приватно средно училиште.

Државно средно училиште основа Владата на Република Северна Македонија, средно општинско училиште може да основа општината/Градот Скопје, додека приватно средно училиште може да основа домашно или странско правно и физичко лице врз основа на одобрение, согласно Законот за средното образование. Општините се надлежни за основање, финансирање и администрирање на основните и средните училишта, во соработка со централната власт, во согласност со закон. Министерството за образование и наука врши распределба на блок-дотации по општини. Во блок-дотацијата се опфатени средствата за плати и материјални трошоци во кои влегуваат средствата за струја, затоплување, превоз и др. Планирањето на трошоците по буџетски ставки (плати на вработените во училиштата и трошоци од буџетската категорија стоки и услуги) е во надлежност на општината и училиштата. Советот на

**Институција** Влада на Република Северна Македонија
**Датум/Време** 06.11.2025 13:28
**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=e43b2e08-c5f2-40ab-a762-8570844affad&docSharePointURL=/sednici/vlada/202500258/Documents/DraftMinutes.docx&materialId=8ff8d681-23a0-4158-a8e0-25c49152a98d**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

општината/Градот Скопје утврдува критериуми за распределба на дотациите за средните училишта на подрачјето на општината/Градот Скопје.

Согласно член 3 од Законот за средното образование, средното образование во јавните средни училишта е бесплатно, а во член 90 е уредено дека управувањето и раководењето во средното приватно училиште ги утврдува основачот.

Согласно наведеното, законодавецот во Законот за средното образование подеднакво пропишал дека и за учениците кои се запишани во јавните средни училишта, како и за учениците кои се запишани во приватните средни училишта, средствата за превоз на учениците ги обезбедува основачот, доколку се исполнети законските услови за остварување на правото на бесплатен превоз. Со наведеното учениците запишани во приватните средни училишта имаат исти права за бесплатен превоз, како и учениците запишани во јавните средни училишта и не е повреден членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија, кој гарантира еднаквост пред Уставот и законите, како и повреда на членот 44 од Уставот, според кој образованието е достапно на секого, под еднакви услови.

Следствено наведеното, се смета дека со членот 41-а од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25), не се повредуваат темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати предметната Иницијатива.

<u>Точка 33</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Вера Георгиева од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.126/2025, за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 21 став (7) точки 1) и 2) од Законот за енергетска ефикасност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 110/21, 236/22, 147/24 и 74/25) и притоа го утврди следното мислење:

Член 21 став (7) од Законот за енергетска ефикасност уредува дека потрошувачот кој е приклучен на систем за централно греење или ладење може да се исклучи од системот, доколку обезбеди поефикасен и еколошки систем, со подобрени енергетски перформанси и доколку добие писмена согласност од мнозинството сопственици на посебните делови на зградата, потврдена со енергетски извештај од овластен енергетски контролор. Овие мерки се воспоставени како правна рамка за да се обезбеди дека процесот на исклучување не е произволен, дека е технички оправдан и дека го штити правото на останатите сопственици и јавниот интерес. Се работи за уредување на деликатен баланс помеѓу индивидуалните права на сопственост и колективните интереси на заедницата, при што државата ја остварува својата уставна обврска да обезбеди рационално користење на енергијата и заштита на животната средина.

Овие одредби се во согласност со член 8 од Уставот на Република Северна Македонија, според кој темелни вредности се владеењето на правото и уредувањето и хуманизацијата на просторот

**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 06.11.2025 13:28

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=e43b2e08-c5f2-40ab-a762-8570844affad&docSharePointURL=/sednici/vlada/202500258/Documents/DraftMinutes.docx&materialId=8ff8d681-23a0-4158-a8e0-25c49152a98d**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата, кои вредности претставуваат темел на уставниот поредок и правната сигурност. Член 21 став (7) ја гарантира правната предвидливост и сигурност за сите учесници во колективните системи, бидејќи никој не може еднострано и произволно да се исклучи од системот без исполнување на јасно утврдени услови. Со ова се штитат правата на останатите сопственици, се обезбедува стабилност на инфраструктурата и се спречуваат потенцијални штети и потенцијални неправди спрема останатите граѓани кои би можеле да настанат доколку процесот е оставен на индивидуална одлука без регулирана постапка. Ова не е ограничување на правото на сопственост, како што се укажува во Иницијативата, туку форма на заштита на правата и интересите на сите сопственици на заедничките делови на зградата, во согласност со Законот за сопственост и други стварни права.

Член 21 став (7) од Законот за енергетска ефикасност е усогласен со Законот за енергетика. Законот за енергетска ефикасност уредува услови за доброволно исклучување од системите за централно греење и ладење, додека Законот за енергетика генерално го регулира снабдувањето и дистрибуцијата на енергија. Ова значи дека Законот за енергетска ефикасност и неговите одредби се комплементарни, а не спротивставени на Законот за енергетика. Укинувањето на член 21 став (7) создава законска несигурност и ја нарушува хармонијата помеѓу законите, што не е во согласност со уставната хиерархија и правната сигурност.

Укинувањето на овие одредби не само што ги нарушува правната сигурност и стабилноста на системите за греење и ладење, туку создава и практични ризици за енергетската ефикасност и заштита на животната средина. Колективните системи имаат значително помала потрошувачка на примарна енергија и помали емисии на $CO_2$ во споредба со индивидуалните системи. Дозволување неконтролирано исклучување без јасни критериуми би резултирало со зголемена потрошувачка на енергија, поголеми трошоци за останатите потрошувачи и нарушување на стабилноста на системот. Ова, пак, директно ја нарушува јавната корист и јавниот интерес, што државата има обврска да го заштити согласно член 43 од Уставот на Република Северна Македонија.

Член 21 став (7) воспоставува рамнотежа меѓу индивидуалните права и колективните интереси, спречувајќи произволно исклучување на потрошувачите што би можело да доведе до конфликти и неправедна распределба на трошоци. Со тоа се гарантира фер и транспарентен процес на одлучување, во согласност со принципите на еднаквост, правна сигурност и заштита на јавниот интерес. Овие одредби се усогласени со уставните и европските стандарди и не го ограничуваат правото на сопственост, туку го регулираат на начин што обезбедува стабилност на системите, енергетска ефикасност и заштита на животната средина.

Согласно горенаведеното, член 21 став (7) точки 1) и 2) од Законот за енергетска ефикасност се неопходни, уставно оправдани и во согласност со домашното право и европските директиви за енергетска ефикасност. Тие обезбедуваат рамнотежа помеѓу индивидуалните и колективните интереси, заштита на јавниот интерес и стабилност на системите, а нивното укинување создава правни и практични ризици.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за

**Институција** Влада на Република Северна Македонија
**Датум/Време** 06.11.2025 13:28
**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=e43b2e08-c5f2-40ab-a762-8570844affad&docSharePointURL=/sednici/vlada/202500258/Documents/DraftMinutes.docx&materialId=8ff8d681-23a0-4158-a8e0-25c49152a98d**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

неповедување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на овие одредби од Законот.

Точка 34

Владата ја разгледа Иницијативата од Дениз Мустафаоглу од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.114/2025 за поведување постапка за оценување на законитоста на член 31 од Правилата за снабдување со електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.138/19 и 159/22) и оценка на уставноста на член 185 став (2) и став (4) точка 2 од истиот член во делот: „особено во случај кога пресметката не е изготвена согласно реалната потрошувачка" од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/25 и 135/25) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот во Иницијативата тврди дека член 31 од Правилата за снабдување со електрична енергија, како и член 185 став (2) и став (4) точка 2 од Законот за енергетика (*), дозволуваат фактурирање на електрична енергија врз основа на проценета потрошувачка, што е спротивно на принципите на владеење на правото, правната сигурност и еднаквоста пред законите (членови 8, 51 и 55 од Уставот на Република Северна Македонија). Наводите на подносителот се темелат на тврдење дека проценетото фактурирање овозможува правна несигурност, дискриминација на потрошувачите и ја нарушува транспарентноста на фактурирањето.

Врз основа на членот 54 од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) во кој се регулирани надлежностите на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, како обврска е наведено дека Правилата за снабдување со електрична енергија ги донесува Регулаторната комисија за енергетика.

Во членот 311 став (1) од Законот за енергетика (*) уредени се роковите за донесување и усогласување на правилниците кои произлегуваат од Законот за енергетика (*) во рок од девет месеци од денот на влегување во сила на Законот, кој рок трае до февруари 2026 година. Ставот (3) од истиот член изрично утврдува дека до донесувањето на новите подзаконски акти, се применуваат подзаконските акти донесени врз основа на претходниот закон, но само во делот кој не е во спротивност со новиот закон.

Членот 185 не забранува проценето фактурирање, туку изрично го дозволува во случај кога „за пресметковниот период не е извршено мерење на потрошената електрична енергија од операторот на соодветниот систем“ но со строги услови.

Членот 31 од Правилата за снабдување со електрична енергија не ја менува суштината на Законот, туку ја операционализира преку дефинирање на процедурални правила за практична примена. Тој не воведува нов институт што не го предвидува Законот, туку го регулира начинот на постапување во ситуации што законодавецот експлицитно ги препознал како можни.

Доколку не постоеше членот 31, би настанала правна празнина која би ја оневозможила примената на член 185 став (2). Операторите и снабдувачите не би имале јасни процедурални

**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 06.11.2025 13:28

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=e43b2e08-c5f2-40ab-a762-8570844affad&docSharePointURL=/sednici/vlada/202500258/Documents/DraftMinutes.docx&materialId=8ff8d681-23a0-4158-a8e0-25c49152a98d**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

упатства за постапување во случаи кога мерењето објективно не може да се изврши, што би создало уште поголема правна несигурност за потрошувачите.

Согласно член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, сите прописи мора да бидат во согласност со Уставот и со законите, а секој е должен да го почитува Уставот и законите. Подзаконските акти  можат да ја разработуваат и конкретизираат материјата што ја уредува Законот, но не смеат да ја менуваат неговата суштина.

Членот 185 од Законот за енергетика (*) ја регулира материјата на фактурирање на потрошената електрична енергија од страна на електродистрибутивниот систем:
„(1) Снабдувачот со електрична енергија, врз основа на мерењата на потрошената електрична енергија извршени од операторот на соодветниот систем, на своите потрошувачи им фактурира за испорачаната електрична енергија по договорената цена.“.

„(2) Во случај кога за пресметковниот период не е извршено мерење на потрошената електрична енергија од операторот на соодветниот систем, снабдувачот ја изготвува фактурата врз основа на претпоставена потрошувачка, која еднаш на три месеци во тековната година се усогласува со реалната потрошувачка и издава коригирана фактура за соодветниот пресметковен период, а на барање на потрошувачот им доставува јасно и разбирливо објаснување за начинот на кој истата е изготвена. Коригираната фактура се издава најдоцна до рокот утврден за вршење на исправка на даночна пријава согласно Законот со кој се уредува данокот на додадена вредност.“.

Оваа одредба воведува јасен временски рок и правна обврска за корекција, што претставува механизам за заштита на потрошувачите и обезбедување на правна сигурност и точност во фактурирањето.

Согласно член 164 став (1) точка 18: „Операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, е должен да ја мери електричната енергија преземена во и предадена од електродистрибутивниот систем со кој управува“.

Додека во членот 167 ставот (5) точка 1: „Ако мерниот уред се наоѓа во имот од корисникот на системот, корисникот е должен да му овозможи на овластеното лице на операторот на електродистрибутивниот систем право на пристап на делот од имотот или објектот каде што се наоѓа мерниот уред заради читање на мерните уреди.“.

Од наведеното во членовите 164 и 167 јасно е дека операторот на електродистрибутивниот систем е должен да врши постојано мерење на потрошената електрична енергија, но кога мерниот уред се наоѓа имот во приватна сопственост на граѓанин, отчитувањето на податоците од мерниот уред не секогаш е можно притоа имајќи ги предвид уставно загарантираните права на заштита на сопственоста и приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот.

Повторно, членот 185 став (4) точка 2 експлицитно дозволува примена на Правилата за снабдување со електрична енергија кои го донесува Регулаторната комисија за енергетика односно фактурирање врз основа на претпоставени вредности „особено во случај кога пресметката не е изготвена согласно реалната потрошувачка, што директно ја оправдува

**Институција** Влада на Република Северна Македонија
**Датум/Време** 06.11.2025 13:28
**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=e43b2e08-c5f2-40ab-a762-8570844affad&docSharePointURL=/sednici/vlada/202500258/Documents/DraftMinutes.docx&materialId=8ff8d681-23a0-4158-a8e0-25c49152a98d

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

примената на членот 31. Проценката не е паушална, туку се базира на историски податоци согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и е проследена со порамнување, што обезбедува точност и заштита на потрошувачите. Според член 185 став (2), корекција на сметката се врши најмалку еднаш на 3 месеци, што дополнително ја зајакнува транспарентноста и ја спречува злоупотребата на проценетото фактурирање, обезбедувајќи дека секоја проценка е привремена и подлежна на редовна проверка. Ова е во согласност со членот 51 од Уставот на Република Северна Македонија, бидејќи подзаконскиот акт не противречи на законот, туку го допрецизира.

Со ова законодавецот ја ограничил можноста за проценето фактурирање и ја поставил во рамките на објективни, контролирани и привремени околности.

Покрај тоа, во членот 185 од Законот за енергетика (*) се врши усогласување со Европското право и се транспонираат одредби од Директивата (ЕУ) 2019/944 на Европскиот парламент и на Советот на Европа од 5 јуни 2019 година за заедничките правила за внатрешниот пазар на електрична енергија и за изменување на Директивата 2012/27/ЕУ во која се уредуваат видовите на мерни уреди, начините на мерење и податоците во фактурите на потрошувачите.

Дополнително, во членот 175 ставовите (3) и (4) од Законот за енергетика (*) предвидуваат:
„(1) Универзалниот снабдувач со електрична енергија е должен да воспостави единствен контакт-центар, којшто е кадровски екипиран и технички опремен и преку кој на своите потрошувачи навремено, на транспарентен и недискриминаторен начин, без плаќање на надоместок, им ги обезбедува сите неопходни информации во врска со нивните права и обврски, примената на важечките прописи и начините за постапување по приговорите и решавањето на споровите, во согласност со правилата за снабдување од член 64 од Законот.“.

Оваа одредба претставува значаен механизам за транспарентност, преку кој потрошувачите се ставени во активна позиција - тие можат во секое време и без трошоци да проверат дали фактурата е издадена врз реална или проценета потрошувачка, како и дали е извршена задолжителната корекција на сметката во рокот пропишан во член 185 став (2).

Со ова, се елиминира ризикот од повреда на правата на потрошувачите и се гарантира нивна навремена информираност и можност за приговор, што целосно ја потврдува уставната согласност на оспорените одредби.

Одредбите се јасни и ограничени – проценката е исклучок, а не правило, со обврска за корекција. Ова обезбедува предвидливост, бидејќи потрошувачот има право да оспори фактура согласно одредбите од Законот за заштита на потрошувачите. Нема несигурност, туку баланс меѓу ефикасноста на системот и правата на потрошувачите. Покрај тоа, согласно член 185 став (2), корекција на сметка се врши најмалку еднаш на 3 месеци, што гарантира редовна усогласеност со реалната потрошувачка и ја елиминира секоја потенцијална долгорочна несигурност.

Членот 185 ја зајакнува заштитата со барање за реално мерење како приоритет, а проценката како мерка за избегнување на прекини во снабдувањето. Ова е во согласност со член 5 од Законот за облигациони односи (начело на совесност и чесност), член 9 (забрана на предизвикување штета) и член 12 (обврски спрема потрошувачите), кои бараат чесно постапување во договорните односи. Праксата не е злоупотреба на доминантна позиција,


**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 06.11.2025 13:28

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=e43b2e08-c5f2-40ab-a762-8570844affad&docSharePointURL=/sednici/vlada/202500258/Documents/DraftMinutes.docx&materialId=8ff8d681-23a0-4158-a8e0-25c49152a98d**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

бидејќи Регулаторната комисија врши надзор (член 55 од Законот за енергетика (*)). Дополнително, член 175 од Законот за енергетика (*) им овозможува на потрошувачите во секое време бесплатно да добијат информација за фактурата, што дополнително ја зајакнува заштитата преку транспарентност и можност за брза проверка што е во согласност со одредбите од Законот за заштита на потрошувачите.

Имајќи го предвид горе наведеното, поднесената Иницијатива е неоснована, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата од Дениз Мустафаоглу од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.114/2025 за поведување постапка за оценување на законитоста на член 31 од Правилата за снабдување со електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.138/19 и 159/22) и оценка на уставноста на член 185 став (2) и став (4) точка 2 од истиот член во делот: „особено во случај кога пресметката не е изготвена согласно реалната потрошувачка" од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/25 и 135/25), односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на Иницијативата.

Точка 35

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.67/2023 од 2 јули 2025 година, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 5 од Законот за изменување на Законот за ловството („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.91/23) и притоа го утврди следното мислење:

Владата на Република Северна Македонија известува дека е донесен нов Закон за дивечот и ловството (*) и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 263/23 од 12.12.2023 година. Во Законот за дивечот и ловството (*) во глава XI. Преодни и завршни одредби, во член 96 е наведено дека со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за ловството („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 26/09, 136/11, 1/12, 69/13, 164/13, 187/13, 33/15, 147/15, 193/15 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 150/21, 283/21 и 91/23), што значи дека донесеното Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.67/2023 од 2 јули 2025 година, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 5 од Законот за изменување на Законот за ловството („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.91/23), се однесува на Закон кој не е во сила.

Точка 36

Владата ја разгледа Понудата од нотар Цеца Малева-Стоев од Гевгелија, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.985, за КО Конско, на КП бр.438/1, викано место/улица „Белуа“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Точка 37

**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 06.11.2025 13:28

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=e43b2e08-c5f2-40ab-a762-8570844affad&docSharePointURL=/sednici/vlada/202500258/Documents/DraftMinutes.docx&materialId=8ff8d681-23a0-4158-a8e0-25c49152a98d

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Владата го симна од Дневен ред Известувањето од извршител Јадранка Пајиќ Поп Кочева, доставено под И.бр.198/2025 за Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 22 октомври 2025 година, за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.178, за КО Нерези-Вонград, на КП бр.1383, викано место/улица „Рамниште“.

Точка 38

По однос на оваа точка немаше предлози.

Точка 39

Владата по Известувањето доставено од Министерството за финансии, а во врска со Информацијата за потребата од доставување на податоци по основ на Уредбата за управување со јавни инвестиции, усвоена на Сто и осумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 октомври 2025 година, точка 43, повторно заклучи:

1) Се задолжуваат буџетските корисници од Листата дадена во Прилог 1, во рок од пет дена до Министерството за финансии да доставаат пополнети обрасци за концепт на проект за сите нови предлог-проекти со проценета вредност над 5.000.000 евра во денарска противвредност, кои се предложени за финансирање од буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година и пополнети обрасци на Извештај за следење на проект за јавна инвестиција за вториот и третиот квартал од 2025 година, за сите тековни проекти со проценета вредност над 5.000.000 евра во денарска противвредност.

2) Се укажува на јавните субјекти кои не се буџетски корисници од Листата дадена во Прилог 1, да доставаат пополнети обрасци за концепт на проект за сите нови предлог-проекти со проценета вредност над 5.000.000 евра во денарска противвредност, кои ќе бидат предложени за финансирање во инвестиционите програми за 2026 година и пополнети обрасци на Извештај за следење на проект за јавна инвестиција за вториот и третиот квартал од 2025 година, за сите тековни проекти со проценета вредност над 5.000.000 евра во денарска противвредност.

Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата за изготвен Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија за Државен просветен инспекторат, како материјал за информирање.

Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на имплементираните проекти од Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 година во Министерството за социјална политика, демографија и млади (за периодот јануари - јуни 2025 година), како материјал за информирање.

Точка 42

**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 06.11.2025 13:28

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=e43b2e08-c5f2-40ab-a762-8570844affad&docSharePointURL=/sednici/vlada/202500258/Documents/DraftMinutes.docx&materialId=8ff8d681-23a0-4158-a8e0-25c49152a98d**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Владата го разгледа Извештајот за вршењето на работите од својот делокруг на Националниот совет за медијација за период од 1 јануари до 30 јуни 2025 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за правда да биде во редовна координација со Националниот совет за медијација.

Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата во врска со правото на Република Северна Македонија за купување на акции во Европа Ре, Зуг, Швајцарија, како материјал за информирање.

Точка 44

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје, за втор квартал 2025 година, како материјал за информирање.

Точка 45

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД - Скопје, за периодот 1 јануари 2025 година – 31 март 2025 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

Точка 46

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД – Скопје, за периодот 1 април 2025 година-30 јуни 2025 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

Точка 47

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за период од 1 јануари 2025 година до 31 март 2025 година, како материјал за информирање.

Точка 48

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост – Скопје, за периодот 1 октомври 2024 година-31 декември 2024 година, како материјал за информирање.

**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 06.11.2025 13:28

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=e43b2e08-c5f2-40ab-a762-8570844affad&docSharePointURL=/sednici/vlada/202500258/Documents/DraftMinutes.docx&materialId=8ff8d681-23a0-4158-a8e0-25c49152a98d**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Точка 49

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, за период од 1.4.2025 година до 30.6.2025 година, како материјал за информирање.

Точка 50

Владата го разгледа Извештајот за реализација на одобрени средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (Општина Богданци), како материјал за информирање.

Точка 51

Владата го разгледа Извештајот за исплата на средства согласно елаборат за проценета штета од елементарна непогода – поплава во Општина Македонски Брод, с.Ореовец и с.Сланско, како материјал за информирање.

Точка 52

Владата го разгледа Извештајот за распределените финансиски средства за настанатата штета од елементарна непогода - град која ја зафати Општина Чешиново-Облешево, како материјал за информирање.

Точка 53

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност и Министерството за внатрешни работи, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за престанок и давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност (четири возила).

2. Одлуката за престанок и давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи (девет возила).

Точка 54

Владата ги разгледа предлог – одлуките за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи и ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи (десет возила од Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје).

2. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи (две возила од Центарот за управување со кризи).

**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 06.11.2025 13:28

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=e43b2e08-c5f2-40ab-a762-8570844affad&docSharePointURL=/sednici/vlada/202500258/Documents/DraftMinutes.docx&materialId=8ff8d681-23a0-4158-a8e0-25c49152a98d**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

3. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движна ствар на Министерството за внатрешни работи (едно возило од Агенцијата за стоковни резерви).

4. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи (пет возила од Агенцијата за катастар на недвижности).

5. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи (две возила од Јавната здравствена установа „Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија“, Скопје).

6. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи (две возила од Дирекцијата за заштита и спасување).

7. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи (осум возила од Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје).

8. Не ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи, чиј корисник е Јавното претпријатие Водовод и канализација – Скопје, бидејќи не постои законска основа за донесување на истата, со оглед дека ова јавно претпријатие е основано од Градот Скопје и располагањето со стварите што ги користи е во надлежност на Советот на Градот Скопје.

## Точка 55

Владата ја разгледа Информацијата за поврат на средства од Министерството за животна средина и просторно планирање за проект финансиран во рамки на програмата Транзициска помош и институционална надградба (ТАИБ 2009) од ИПА I програмскиот период (2009-2013) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да изврши поврат на средства во износ од 39,378.43 евра, согласно инструкциите дадени од страна на Министерството за финансии со допис бр. 10-91/3 од 3.7.2025 година, најдоцна до 31.10.2025 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии, преку програмата Живот+ - Поддршка на учество на програми на унијата за 2023 година, да ја спроведе постапката на порамнување на долгот во износ од 39,378.43 евра од Министерството за животна средина и просторно планирање, доколку истиот не биде вратен до дадениот рок од 31.10.2025 година.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да започне и спроведе постапка за утврдување на одговорноста за нанесената штета по однос на преземените дејствијата од предметната информација.

## Точка 56

**Институција** Влада на Република Северна Македонија
**Датум/Време** 06.11.2025 13:28
**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=e43b2e08-c5f2-40ab-a762-8570844affad&docSharePointURL=/sednici/vlada/202500258/Documents/DraftMinutes.docx&materialId=8ff8d681-23a0-4158-a8e0-25c49152a98d**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување на Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија во врска со подготовката, изградбата и оперативноста на меѓуграничниот железнички тунел, со усогласен текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија во врска со подготовката, изградбата и оперативноста на меѓуграничниот железнички тунел.

2. Се определува Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија во врска со подготовката, изградбата и оперативноста на меѓуграничниот железнички тунел.

Исто така, предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии (кое Министерството за финансии ќе го достави до Владата).

Точка 57

Владата го разгледа Предлогот на буџет на Република Северна Македонија за 2026 година и го утврди со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат буџетските корисници кои преку нивниот буџет вршат финансирање на единиците на локалната самоуправа, до Министерството за финансии да достават распределба на блок-дотации во рок од еден ден.

2. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во насока на финансирање на радиодифузната дејност, да се лимитира и да не надмине 1% од реализираните даночни приходи од последната донесена завршна сметка на Буџетот без притоа да се наруши ликвидноста и нормалното функционирање на Буџетот.

3. Се задолжува Министерството за правда да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии, во насока вкупните средства за годишно финансирање на политичките партии да се пресметува од даночните приходи на буџетот, без притоа да се наруши ликвидноста и нормалното функционирање на Буџетот.

4. Се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, во насока на стабилно и непречено финансирање на социјалните фондови (Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија).

**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 06.11.2025 13:28

Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.

**Верификација** **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=e43b2e08-c5f2-40ab-a762-8570844affad&docSharePointURL=/sednici/vlada/202500258/Documents/DraftMinutes.docx&materialId=8ff8d681-23a0-4158-a8e0-25c49152a98d**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

5. Се задолжуваат сите министерства, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Секретаријатот за законодавство и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, согласно расправата на седницата на Владата, веднаш до Министерството за финансии да ги доставaт своите предлози и забелешки по однос на Предлогот на буџет на Република Северна Македонија за 2026 година.

6. Пречистениот текст на Предлогот на буџет на Република Северна Македонија за 2026 година да се достави до Собранието, согласно член 189 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии, Аница Иваноска Стрезовски, државен советник во Министерството за финансии и Тања Трипунова, државен советник во Министерството за финансии.

Точка 58

Владата ја разгледа Информацијата за мерење на квалитет согласно Методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите со предлог-институции за 2025 година, со текст на Методологија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја прифати Методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите за 2025 година.

2. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, веднаш, до Министерството за јавна администрација да достави номинација на член за Комисија за оценувањето, која ќе го спроведе и ќе ги достави финалните наоди од мерењето на индексот на квалитет и сумираните резултати до Владата, до декември 2025 година.

3. Се задолжува Министерството за јавна администрација, до втората половина на октомври 2025 година, да формира Комисија за оценување и анализа на резултатите добиени од спроведеното мерење на квалитет согласно Методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите, со претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и двајца претставници од Министерството за јавна администрација, која ќе го спроведе оценувањето и ќе ги достави финалните наоди од мерењето на квалитетот и сумираните резултати до Владата до средината на декември 2025 година.

4. Се задолжува Министерството за јавна администрација, до втората половина на октомври 2025 година, да го дистрибуира прашалникот за евалуација до Министерството за дигитална трансформација, Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дерматологија, Министерството за образование и наука-Биро за развој на образование, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Јавната установа Меѓуопштински центар за социјални работи на Град Скопје, Државниот завод за статистика, Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија, Општина Центар, Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 Септември“ Скопје и Институтот за акредитација на Република Северна Македонија.

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 06.11.2025 13:28 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=e43b2e08-c5f2-40ab-a762-8570844affad&docSharePointURL=/sednici/vlada/202500258/Documents/DraftMinutes.docx&materialId=8ff8d681-23a0-4158-a8e0-25c49152a98d** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

5. Се задолжуваат Министерството за дигитална трансформација, Министерството за образование и наука-Биро за развој на образованието, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Државниот завод за статистика и Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија, им се укажува на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дерматологија, Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 Септември“ Скопје и Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, а им се препорачува на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјални работи на Град Скопје и Општина Центар, до втората половина на октомври 2025 година, да номинираат одговорно лице кое ќе го координира процесот на пополнување на прашалникот за евалуација во рамките на својата институција и да го доставаат пополнетиот прашалник до Министерството за јавна администрација до средината на ноември 2025 година.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:05 часот.

**Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

Подготвил: Христина Мишевска, 29.10.2025
Проверил: Катерина Јаневска, 06.11.2025
Контролирал: Зоран Брњарчевски, 06.11.2025
Согласен: Зоран Брњарчевски, 06.11.2025

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 06.11.2025 13:28 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=e43b2e08-c5f2-40ab-a762-8570844affad&docSharePointURL=/sednici/vlada/202500258/Documents/DraftMinutes.docx&materialId=8ff8d681-23a0-4158-a8e0-25c49152a98d** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*